Д-р Живко СУРЧУЛИЈА

# МАКС ВЕБЕРОВИОТ КОНЦЕПТ НА ВЛАСТА И ПРОМЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВАТА ВО ТРАНЗИЦИЈА

1. Власта е еден од најважните поими во Веберовата социологија. Анализата и дефинираноста на власта е составен дел на неговиот обид за создавање на релативно кохерентен социолошки систем, кон што тој тежнеел, како што е познато. Овој голем социолог дал најдлабока и најпрегледна анализа на власта и нејзиниот однос со другите значајни поими на Веберовиот социолошки систем, во своето дело: "Стопанство и општество".[1] Станува збор за односот на власта кон поимите моќ, дејствување и легитимност како значаен четириаголник на Веберовиот теориски систем.

Според неговото мислење, моќта и власта се разликуваат според тоа што "моќта претставува можност во рамките на еден одреден општестен однос да се спроведе сопствената волја наспроти отпорот", додека "со власт треба да ги нарекуваме можностите одредени личности да се потчинуваат на наредбата со одредена содржина"[2]. Значи, додека моќта е веројатност да се наметне сопствената волја наспроти отпорот, власта подразбира потчинување на наредби. Но, како и обично, Вебер ни овде не е сосема изричен. Разгледувајќи го односот меѓу моќта и власта, на едно друго место за неа пишува како за воопштена смисла на моќ, односно, можноста да се наметне сопствената волја на друг.[3]

Еден од основните социолошки поими, поимот општествено дејствување Вебер го сфаќа како посебен вид однесување во кое носителот на дејствувањето мора да му придава некакво значење на своето дејствување и истовремено, носителот на дејствувањето мора да го зема предвид однесувањето на другите "лица и смислено да го одреди своето дејствување кон нив"[4]. Дејствувањето означува поширок поим од поимот власт. Според мислењето на Вебер, власта е еден од најважните елементи на заедничкото дејствување. Иако секое дејствување

[1] М. Вебер, "Привреда и друштво", том I и II, Просвета, Београд, 1976 г.
[2] Op. cit. str. 37, tom I.
[3] Op. cit. str. 46, tom II.
[4] A. Gulsens, Polities and Sociology in The Thought of Max Veber, The Macmilan Press, London, 1972, p. 28.

не е поврзано со власта, во повеќето случаи на дејствување власта игра значајна улога, дури и кога тоа веднаш не е воочливо. Таа поврзаност, Вебер ја илустрира со убавиот пример на издигнувањето на некој дијалект до службен јазик со помош на централната политичка власт (случајот на Германија), и спротивно, преку улогата на власта во диференцирањето на јазикот при политичкото разделување (Холандија во однос на Германија). Ова е можност да се каже дека политичката власт имала своја важна улога во натамошното диференцирање на јазиците и на просторите на поранешна Југославија (со исклучок на Македонците и Словенците сите други Југословенски народи - Србите, Хрватите, Бошњаците и Црногорците - припаѓале на она што Вебер го нарекува јазична заедница, без оглед на лингвистичките разлики внатре во српскохрватскиот јазик). Политичките власти поработиле на продлабочувањето на јазичните разлики после политичкото разделување.

Според Веберовото мислење, помеѓу поимите власт и легитимност, постои тесна врска. Ако власта ја чинат потчинувањата на наредби, легитимноста е чест атрибут на власта. Безмалку секоја власт се темели на одреден минимум на волја таа да биде прифатена, и помалку или повеќе, доброволна заинтересираност за покорност, што е срцевина на поимот легитимност на власта. Според типот на послушност, според видот на барања за легитимност, Вебер разликува три вида на легитимна власт: рационален, традиционален и харизматски.[5] Првата од нив има рационален карактер и се темели на вербата во легалноста на законски втемелените поредоци и правата на личностите кои се повикани да извршуваат власт, врз основа на законите и во границите на нивната важност. Вториот тип има традиционален карактер и почива на вербата во светоста на традицијата и легитимноста на личностите кои што врз основа на традицијата и обичаите го уживаат авторитетот на власта. И најпосле, третиот вид има харизматски карактер и почива на личните особини на водачот, чии што особини се сметаат за исклучителни, натприродни, надчовечки и дадени од бога. Предмет на нашето специфично внимание ќе биде Веберовиот рационален вид на власта и неговата поврзаност со модерните современи општества.

2. Иако Вебер опширно расправа за сите три спомнати типови на власт, тој јасно се изјаснил како приврзаник кон идеалниот вид на рационалната, легална власт. Притоа е свесен дека идеален тип на кој било од трите власти ретко се среќава во стварноста. По правило, во стварноста, идеалните типови на власт се мешаат, на овој или оној начин.

---

[5] M. Veber, Op. Cit. str. 169, tom I.

Легалната, рационална власт, како што е познато, Вебер ја смета за модерен облик на управување. Оваа власт може да биде востановена целно-рационално или вредносно-рационално и по правило почива на збир апстрактни правила кои ги применува правосудството во поединечни случаи, додека управата се грижи за рационалната заштита на интересите одредени со правни правила.[6] Оваа власт го обврзува владетелот и самиот да се однесува во согласност со правилата. Кај Вебер, власта организирана на овој начин не се идентификува со политичката власт. Тој смета дека освен во "државата" и партиите, таа може да функционира и во крупните приватни претпријатија, организации и цркви. Најчист облик на рационалната, легална власт тој гледа во бирократскиот управен апарат. Управниот апарат се состои од чиновници кои што се потчинуваат само на објективните службени должности, врз основа на безличност, компетенции, стручното школување и според строго определена хиерархија.

Вебер ја гледа бирократијата не само како најрационален облик на власт туку и како најрационален облик на општествената организација и управување со општествените работи. Единствено во оваа смисла Веберовото сфаќање за бирократијата може да се толкува како спротивно на Марксовото кое во основа содржи критички поглед на неа. Се чини дека е во право еминентниот професор по социологија Радомир Лукиќ, кој во својот предговор на Веберовото дело "Стопанство и општество" истакнува дека Вебер пророчки ги предвидел модерните облици на управување со современите форми на капиталистичките претпријатија низ создавање на менаџерскиот слој и претприемачката бирократија и технократија. Притоа, спротивно на многу распространетата слика за Вебер како за автор кој од карактеристиките на идеолошките облици на свеста, на пример религијата, го изведува карактерот на обликот на стопанисување, по наше мислење нештата се потполно поинакви. Имено, токму од рационалноста и ефикасноста на модерната капиталистичка економија Вебер го изведува рационалниот карактер на ткн. рационална, легална власт. Бидејќи, во случајот на рационалната власт, истакнува Вебер, внатре во модерниот капитализам постои, во принцип, потполна одвоеност на управниот апарат од средствата за управување и стопанисување. Службениците за својот труд добиваат само плата. Вебер толку верува во рационалната власт на бирократскиот апарат што тврди дека "постои само избор меѓу "бирократијата" и "дилетантизирањето" на управата."[7]

---

[6] Op, cit. str. X, tom I.
[7] Op, cit. str. 175, tom I.

3. Стопанисувањето и легалната бирократска власт со своето стручно знаење и користењето на модерната наука и техника, толку се супериорни во однос на каков било друг облик на управа, како што истакнува Вебер,што дури ни социјалистичкиот поредок не може да донесе порационален облик на власт. Тој пророчки констатира дека е прашање дали социјализмот може да создаде услови за рационално управување како што ги создал капиталистичкиот поредок. Социјализмот, значи, ќе оди кон уште построга бирократска управа, а тоа ќе води кон крупни антиномии како антиномиите меѓу формалната и материјалната ирационалност.[8] Преминувањето од капиталистички во социјалистички поредок ќе донесе само јакнење на бирократијата, бидејќи власта на управниот апарат се пренесува на државата, која низ строго планирање преку бирократскиот апарат управува со општествениот капитал, средствата за производство и со работењето. Така државата постои како единствен капиталист за разлика од капитализмот каде барем постои конкуренција помеѓу капиталистите - истакнува во споменатиот предговор Лукиќ, коментирајќи ја Веберовата критика на бирократскиот социјализам и резултатите на социјалистичките револуции од кои една, советската, за своето време ја доживеал и Вебер. Иако и самиот Вебер увидува, дури и срамежливо, дека во одредени околности бирократијата почнува да ги загрозува слободата и достоинството на човекот, дури реалниот социјализам, посебно во неговата сталинистичка форма, со помош на семоќната власт на бирократијата, ги задушил човековите права, слободата и достоинството на човекот. За разлика од Веберовите позитивни конотации кон поимот бирократија, бирократијата во социјализмот добива изразено негативен предзнак, дури и во делот на социјалните теории на реалсоцијалистичките општества. Бирократијата во реалсоцијализмот практично станува колективен сопственик не само на средствата за работа туку и главен уредник на целиот општествен живот. Од прост сервис на граѓаните таа станува господарска власт во Веберовата смисла на зборот. Како што во својот "Увод во социологијата" забележува М. Хараламбос,[9] уште италијанскиот социолог Роберт Михелс ги отфрлил надежите на марксистите во вистинска демократска организација. Тој, како и Вебер, верувал дека организацијата е важна за демократијата, но неговата анализа на работата на европските социјалистички партии и синдикати покажала дека сите тие организации, со текот на времето, ја усвојуваат бирократската структура, што неизбежно води кон недемократска, бирократска власт.

---

[8] Op, cit. str. 176, tom I.

[9] M. Haralambos, Uvod u sociologiju, Globus, Zagreb, стр. 278 и натаму.

4. Југословенскиот експеримент со самоуправниот социјализам, потпрен на многу претходни идеи за самоуправување, покажал дека овој тип на социјализам има "помеки" облици од реалниот, па многумина денес и го нарекуваат "soft socialism". Потпрено на Марксовите рани трудови за дезалиенацијата и коментарите за Париската комуна, како и за трудовите на Прудон и другите мислители, самоуправувањето било сфатено како некој вид непосредна социјалистичка демократија. Направен е обид преку власта на работничките совети и делегатските собранија да се помират светот на трудот и светот на управувањето. Но, од оваа општествена дистанца може слободно да се рече, залудно. Работничкото и општественото самоуправување во услови на силна еднопартиска државна власт немаше контрола врз најважниот дел на националниот доход - инвестициите, но и на другите делови на новосоздадената вредност во Марксовата смисла на тој збор. Можеби би имало помалку талкање и заблуди доколку творците на теоријата на самоуправувањето го имаа во вид Веберовиот поглед за суштината и границите на "непосредната демократска управа". Нејзината суштина е дека "сите во принцип имаат исти квалификации за водење на јавните работи, така што во тој вид на управа заповедувањето се сведува на минимум."[10] Но, недостатокот и ограниченоста на оваа управа е во тоа што таа е ефикасна само во локалните заедници и малите групи. На повисоките инстанци, според Веберовото мислење, таа не функционира, и во тоа лежи можниот одговор на прашањето за причините на крајот на југословенскиот самоуправен експеримент.

5. Од претходната анализа може да се заклучи дека Веберовиот концепт на рационална, легална власт ја издржал пробата на времето. Тој е основен, владеачки облик на власта, во поголема или помала мерка, во сите облици на современото капиталистичко општество, од неговиот првобитен индустриски облик, преку модерните развиени индустриски општества, до постиндустриските општества во Беловата смисла на тој збор.[11] Можеби во овие најразвиени општества, рационалната легална управна власт најмногу се шири. Повеќе од кога било, преселбата на работната сила од класичното производство во областа на науката, интелектуалниот труд и услуги, компјутеризацијата и развојот на информатиката, создадоа потреба не само за модерна работна сила, туку и за современа рационална управа. Во споредба со Веберовото време, оваа управа располага со уште помодерна техника и средства кои успешно ги користи. Таа е побрза и поефи-

[10] Op. cit. str. 52, tom II

[11] D. Bell, The Coming of Post-Industrial Society, Heinemann, London, 1974.

касна од кога и да било. Но затоа останува на сила Веберовото предупредување, дека границите на рационалната управа се човековата слобода и достоинство. Дотолку повеќе треба да се очекува дека општествата во транзиција кон демократското општество, па и оние на просторите на поранешна Југославија, ќе тргнат  по патот на создавање модерна, рационална демократска власт користејќи се со Веберовите научни сознанија. Бидејќи, тешко е да се замислат ефикасни, пазарно - ориентирани општества засновани на приватната сопственост и повеќепартискиот систем, кои што нема да развиваат и негуваат, во согласност со своите специфичности, Веберов тип на рационална власт, втемелена на законот и правната држава.